**Обраќање на министерката за одбрана Славјанка Петровска на отворањето на НАТО индустрискиот ден**

05 март 2024 година - Скопје

Почитуван вицепремиер Битиќи, почитувана генерална менаџерка на Агенцијата за поддршка и набавки на НАТО, Камингс, почитувана шефица за набавки во Агенцијата за комуникации и информации, Аптон, почитувани претставници на македонските компании, академската заедница, почитувани соработници дами и господа,

Кога ќе се спомне НАТО секогаш прва асоцијација е безбедност и стабилност и многу често кога зборуваме за нашето членство во Алијансата зборуваме за инвестициите кои ги правиме во одбранбените капацитети, опремување и модернизација, исполнување на НАТО целите на способност. Многу поретко зборуваме за останатите придобивки кои се подеднакво важни, членството во НАТО има и друга димензија, а тоа е можноста македонските компании, рамноправно да се натпреваруваат со сите останати компании во земјите членки во нудењето на производи и услуги за потребите на Алијансата. Станува збор за значаен пазар од околу 5 милијарди евра на годишно ниво кој не смееме да го пропуштиме. Мораме да бидеме амбициозни, да се натпреваруваме со квалитет и со капацитети и да докажеме дека македонските компании технолошки и развојно можат да одговорат на барањата и да бидат конкурентни со компаниите во сојузничките земји.

Ме радува фактот дека секоја година сè поголем број компании во Северна Македонија изразуваат интерес да се впишат во регистарот на економски оператори и да добијат потврда за исполнетост на услови за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и земјите – членки.

Но, тоа не е доволно, следниот наш заеднички предизвик е зголемено учество во НАТО пазарот, свесни дека секој почеток е тежок, Министерството за одбрана е партнер кој е подготвен да им помогне на компаниите, пристапот до овој пазар да биде поедноставен, но и поефикасен и поуспешен. И токму затоа го организиравме и денешниот настан каде ќе имате можност детално да се информирате за процедурите, за пристапот до НАТО пазарот.

На самиот крај сакам да им се заблагодарам на тимовите од НАТО агенциите предводени од генералната менаџерка на НАТО Агенцијата за поддршка и набавки Стејси Камингс и шефицата за набавки во НАТО Агенцијата за комуникации и информации Џенифер Аптон што допатуваа во Скопје, и што се подготвени да им

помогнат на македонските компании да бидат дел од овие набавки. Тоа е пример за сојузничка соработка и поддршка од која полза има секоја земја членка и целата Алијанса.

Ова е всушност само еден од многуте примери, за заедничка сојузничка соработка и поддршка во која полза има секоја земја членка на Алијансата. Македонската Армија гради капацитети со кои ја гарантира националната, но и допринесува за колективната безбедност на Алијансата. Сега е редот и македонската економија да ја искористи шансата за приклучување на НАТО пазарот.

Ви благодарам и ви посакувам успешен и продуктивен ден.